# И З В Е Ш Т А Ј

## *за работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во првото полугодие од 2015 год*

Во текот на првото полугодие од годинава, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, преземаше мерки за проверка на **831** (783)[1] ***случаи*** на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува **зголемување на случаи за 6,1 % во однос на истиот период минатата година.**

Најголем број на случаи, кои беа предмет на работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди се однесуваа на вработени во СВР Скопје- **126** случаи, потоа во СВР СВР Штип - **69, 45** во СВР Куманово, **53** случаи се однесуваат на вработени во службите за гранични работи, **160** во СВР Тетово, **56** случаи во СВР Битола, СВР Охрид- **34, 44** случаи во СВР Велес **35** случај СВР Струмица, **28** предмети се за вработени во Бирото за јавна безбедност (од нив **12** за ЦПС), **121** случај за вработени во организациските единици за сообраќај, **29** случаи за вработени од СУНР и **четири** предмети се за вработени во УБК.

Во првото полугодие од годината, во однос на истиот период минатата година е забележан тренд на намалување 2% на бројот на примени **писмени претставки од граѓани- 348** (355), во кои граѓаните реагираат на одредени неправилности во работењето претежно на полициските службеници. Во однос на примените ***записници за усно поднесени претставки*** – ***138*** (175) бележиме намалување за 22%, кај пријавите за непрофесионално и незаконско постапување на припадници на МВР ***по пријава на телефонскиот број 199 - шест*** (пет) и зголемување за 37,5% кај ***анонимните поднесоци - 77*** (56), во кои граѓаните укажуваат на одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, меѓутоа од најразлични причини не ги кажуваат сопствените генералии.

Во овој период од годинава, се добиени **четири претставки од невладини организации** од кои **три** преку ***Хелсиншки комитет за човекови права и една претставка преку Human Rights Watch*** .Покрај тоа, добиени се **12 (19) поднесоци** од ***Народниот правобранител, 20 (48)*** претставки од правни лица и **17 (24) поднесоци од *адвокати*** како полномошници на граѓани и др.

Покрај, добиените претставки, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше по наредба на министерот, врз основа на сопствени податоци и сознанија до кои доаѓа, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени **76 (64)** ***службени материјали***

[1] *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

***(сл.белешки, информации, телеграми) од организационите единици во МВР*** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од припадници на МВР.

Од **831** (**783**) случаи за кои се вршени проверки, **576 (540) се предмети кои се постапувани врз основа на добиени претставки од граѓански и правни лица** во кои се посочени неправилности извршени од страна на вработени во МВР, а останатите се по добиени известувања, сознанија и друго. Споредбено со истиот период минатата година, бројот на случаи по кои се вршени проверки по претставки бележи благо зголемување од **6,7%.** Од анализа на структурата на добиени и постапени предмети по претставки од граѓани, може де се констатира дека во **398** случаи наводите изнесени во претставките се ***неосновани,*** **97** предмети се без исход, односно ***нема доволно докази*** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, **50 се основани**, **20** се ***делумно основани***, а за **осум случаи од претставките по извршените проверки е утврдено дека нема основ за постапување или не се во надлежност на СВКПС, во по еден случај нема да се вршат проверки бидејќи истата не содржи проверливи податоци, претставката е повлечена од страна на граѓанинот кој ја поднел и за една претставка оперативните проверки продолжуваат.**

Инаку, за сите постапени **831** предмети за сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и останатите правилници, од страна на СВКПС се изречени задолжителни дисциплински мерки до началниците каде се вработени службените лица кои непрофесионално и незаконски постапувале, согласно одредбите од Колективниот договор да иницираат соодветни постаки према истите.

За утврдените неправилности, СВКПС против **104** службени лица иницираше поведување на ***постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина.*** За **пет** вработени е изречена задолжителна мерка непосредниот раководител да поднесе предлог до Министерот за внатрешни работи за донесување на Решение без водење на посебна постапка пред Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност. За **118 лица** е изречена мерка-**укажување, за 21 вработен** е изречена мерка покренување на постапка за **надомест на штета-материјална одговорност, за еден вработен е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од неговото работно место до завршување на постапката пред надлежната комисија, и седум вработени се упатени на задолжителен психијатриски и психолошки преглед како и да им биде одземено службеното оружје.**

Инаку, во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на службените лица кои имаа обележје на кривично дело, од страна на СВКПС се поднесени **седум кривични пријави** против **четиринаесет** вработени во МВР за сторени **девет** кривични дела, од кои **три** кривични дела **„злоупотреба на службената положба и овластување“ три кривични дела „несовесно работење во**

**службата“ две кривични дела „фалсификување на службена исправа“и едно кривично дело „помагање“ во врска со „злоупотреба на службаена положба и овластување“.**

Покрај ова, во првите шест месеци од годинава се изготвени и доставени **47** (17) **Известувања до Основните јавни обвинителства во Р.Македонија,** од кои **девет се по барање на ОЈО**, а **38 се за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово понатамошно постапување.

Во текот првото полугодие од годинава, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше по **34** (40) **поднесоци**, во кои е наведено дека од полициски службеници врз граѓани **е употребена физичка сила.** По преземени мерки е утврдено дека во **еден случај употребата на физичка сила е неоправдана, односно претставката е основана** и **19 поднесоци се неосновани,** односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена физичка сила. **За 14 случаи** поради немање на докази **не може да се утврдат наводите во претставката** за употребена физичка сила.

Во овој период СВКПС, **во пет случаи** ја испитуваше оправданоста и правилноста на употребата на средставта за присилба и тоа **во два случаи заради воспоставување за нарушен ЈРМ во поголем обем** при протестите пред Владата на Р.М и при обезбедување на кошаркарски натпревар помеѓу кошаркашките екипи на МЗТ Скопје и Партизан од Белград и во **три случаи ја испитуваше основаноста и оправданоста на употреба на огнено оружје** и тоа во два случаи употеребено за лишување на лица поради сомнение дека се сторители на кривично дело „криумчарење на мигранти“ и во еден случај во рамки на акцијата во „Диво Насеље“ во Куманово, употребено кон терористичка група.

СВКПС оцени дека употребата на средства за присилба и огнено оружје од страна на полициски службеници **во сите пет случаи е основана, оправдана и правилна.**

Во врска со добиените предмети, по извршени проверки од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, доставени се **552** (658) одговори и известувања **до граѓани**, **четири одговори** до невладини организации, **22** одговори до правни лица и **22** одговори до адвокат.

Од вкупно примените дванаесет поднесоци од **Народниот правобранител, одговор е доставен на сите дванаесет претставки.**

Во првото полугодие од годинава, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди излезе на лице место на **30** случени **сообраќајни незгоди, во кои учествуваат вработени во МВР, кои управуваат возила сопственост на МВР**. За случаите каде е констатирано дека при управување на службените возила на вработените во Министерството не ги почитувале законските прописи при што е настаната материјална штета на возилата сопственост на МВР, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди до непосредните раководители каде истите се вработени изрече задолжителни мерки да бидат покренати **14**

**постапки за утврдување на материјална одговорност од кои за еден од нив е изречена и мерка укажување .**

Во анализираниот период, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и понатаму продолжи со вршење на **контроли во организациски единици на МВР,** со цел утврдување на алкохолизираност на полициските службеници за време на работа, почитување на работното време, употреба на службени возила со уредно издаден налог за патување, почитување на член 168 став 3 од Законот за внатрешни работи и почитувањето на постапката со повикани, приведени и задржани лица во полициските станици, предвидени во стандардните оперативни процедури. Извршени се вкупно **46 контроли** од кои **40 контроли** во различни организациски единици на подрачјето на Секторите за внатрешни работи и **шест** во Регионалните центри за гранични работи. Извршено е **алкотестирање на 637 полициски службеници од организациски единици во Сектори за внатрешни работи и Регионални центри за гранични работи,** при што кај двајца полициски службеници (по еден од СВР Скопје и од РЦ за ГР Север) е утврдено присуство на алкохол во организмот, поради што им е изречена мерка дисциплинска одговорност. Истовремено, во рамки на овие контроли извршена е **анализа на метаболити од опојни droги врз урина земена од девет полициски службеници, при што кај двајца полициски службеници од полициски станици во СВР Скопје е утврдено присуство на метаболити од опојни дроги.** Од полициските службеници со потврда се одземени службениот пиштол и службената легитимација,**истите се отстранети од работното место и од Министерството за внатрешни работи се до донесување на решение од дисциплинската комисија.** По одржаната дисциплинска постапка за двајцата полициски службеници е изречена мерка отказ.

При контролите во организациските единици утврдени се пропусти во ПС од ОН Кавадарци, ПС од ОН Виница и ПС од ОН Тетово. Пропустите се однесуваат на непостапување согласно Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и тоа во однос на евиденциите за дневни настани во врска со вршење на полициски работи и евиденциите за поплаки од граѓани, регистарот на лица на кои по било кој основ им е ограничена слободата на движење, како и пропуст во водењето евиденција за користење на возилата на Министерството за внатрешни работи и не носење на службена легитимација.За констатираните пропусти против помошник командирот на ПС од ОН Кавадарци е изречена задолжителна мерка писмено укажување, а на раководителите на СВР Тетово и СВР Штип да одржат работен состанок со непосредните раководители на останатите организациски единици каде се констатирани пропусти се задолжени во иднина да постапуваат согласно Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите. Од страна на непосредниот раководител на полицискиот службеник од ПС од ОН Виница кој не носел службена легитимација изречена му е задолжителна мерка писмено укажување. Во овој период, согласно наредба од Министерот за внатрешни работи, а по претходно изготвен оперативен план, Секторот за внатрешна контрола и

професионални стандарди изврши се и **две контроли на наплатните станици „Глумово“** и **„Отовица“**, со цел откривање на злоупотреба на службени легитимации и поминување на наплатни станици на вработени во МВР, без при тоа да бидат подмирени трошоците согласно Законот за јавни патишта. За време на контролите на наплатните станици не беше констатирана злоупотреба на службена легитимација од страна на полициски службеници вработени во Министерството за внатрешни работи.

Покрај наведените контроли, вработени во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во овој период извршија **12 контроли** во 18 станици за технички преглед на возила **во Одделенијата за управни работи** при Одделот за граѓански работи. Контролите се однесуваа на: почитување на работното време, контрола на внесување на податоци во системот за продолжена важност на сообраќајната дозвола за возила и начин на издавање на регистарски таблици, почитување на член 168 став 3 од Законот за внатрешни работи и утврдување на алкохолизираност на овластените службени лица. Извршено е **алкотестирање на вкупно 18 вработени во наведените станици за технички преглед**, при што кај истите не беше утврдено присуство на алкохол во организмот. **Против помлад референт за регистрација на моторни возила во** станица за технички преглед во Одделението за управни работи Скопје, кој не беше затекнат на работното место и не ажурирал предмети кои се однесуваат на продолжување на важност на регистрации на возила **иницирана е постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.**

На 10.02.2015 година, извршена е **една контрола во Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на автопатот-„Петровец“.**Активностите на контролата се преземаа во насока на: почитување на работното време, согласно дневниот распоред за работа; почитување на Наредбата за користење на службени моторни возила; контрола на постапување по Наредбата за вршење на служба; почитување на член 168 став 3 од Законот за внатрешни работи; утврдување на алкохолизираност на полициските службеници; контрола во поглед на носење на приватни мобилни телефони. Во рамки на контролата во однос на водењето на евиденциите костатирани се пропусти во дневната евиденција на поминати километри каде што **не се внесени дел од налозите за користење на возилата.** За констатираниот пропуст, во однос на неажурното водење на евиденциите за користење на службени моторни возила од страна на СВКПС на помошник на командирот на МЕ за БСА-Петровец му беше укажано за потребата од правилно и навремено водење на наведените евиденци.**Алкотестирани** се вкупно **шест (06) полициски службеници** , при што **кај истите не е констатирано присуство на алкохол.**

**СВКПС, изврши проверки во Одделението за прекршоци Скопје 1 и 3, Одделението за прекршоци Тетово 2 и Одделението за прекршоци – Кичево, за констатирање на состојби во врска со застарени предмети.**

Од проверките генерално е констатирано дека причина за застарување на предметите е немањето на уредна достава, поради што иститe со големо задоцнување се враќаат во Комисиите за прекршоци и истите не можат да се достават на присилна наплата до УЈП. За надминување на состојбите од 18.05.2015 година, согласно инструктивна телеграма во случаите кога се исполнети условите од Законот за општа управна постапка доставувањето ќе се врши по пат на јавна објава во случаи кога живеалиштето односно седиштето на странката е непознато или кога се работи за акти кои се однесуваат на повеќе странки. Јавната објава ќе се врши преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија Република Македонија во текот на два последователни дена, а потоа ќе се изврши и еднократна објава во службен весник на РМ односно во службеното гласило на општината на градот Скопје, за што Одделенијата за прекршоци се задолжени да го подготват текстот на јавната објава согласно член 87 став 1 и 2 од Законот за општа управна постапка и истиот да го достават до Секторот за односи со јавноста и информации од јавен карактер.

Истовремено, врз основа на проверките, СВКПС изврши консултации со Јавни обвинители од ОЈО Скопје, Тетово и Кичево, при што е констатирано дека решенијата за застарување во Оддленијата за прекршоци Скопје 1 и 3 се донесени во законски рамки, одлуката на Комисијата за прекршоци Тетово 2 за конкретен предмет е донесена во согласност со Законот за прекршоци и во однос на застарен прекршочен предмет во Одделението за прекршоци Кичево не можат да се утврдат субјективните елементи на одговорност.

Од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди превземени се мерки и активности за утврдување на фактичката состојба при што во текот на **јануари - март** 2015 година беше остварен увид во службените материјали, вршени се проверки и беа извршени разговори со полициските службеници кои биле инволвирани во врска со постапувањето по пријавените случаи. Од извршените проверки во **102** настани на пријавени случаи во Полициската станица од општа надлежност Гостивар, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди констатира дека полициските службеници во **65** случаи не постапиле во согласност со правилата, прописите и стандардните процедури, во **33** случаи полициските службеници постапиле во согласност со правилата, прописите и стандардните процедури за постапување, во **два** случаи нема одговорност од објективни причини ,**во еден** случај нема можност да се утврди одговорност и **еден** предмет е отстапен на ОСОСК.

За 19 случаи во кои се инволвирани лица по кои постапувал Одделот за организиран и сериозен криминал во акцијата "Чекан", извештаите изготвени од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди се доставени до Одделот со насоки дека истите може да ги достават до Основното Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за нивно запознавање и постапување.

Од вкупно **65** случаи во кои од страна на СВКПС беше утврдено дека полициските службеници не постапиле во согласно со правилата, прописите и стандардните процедури, **11 се препратини на Одделот** со насоки дека истите може да ги достават до Основното Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, **за 50 е констатирано дека со непреземање на соодветни мерки и активности од страна на полициските службеници потребно е да биде известено надлежното ОЈО** со соодветен поднесок и **во четири случаи каде не се преземени мерки од страна на полициските службеници нема основ за кривична одговорност.**

Во 50 те случаи во кои беше утврдено дека постојат основи за сомневање дека од страна на полициските службеници со непреземање на соодветни мерки се сторени кривични дела за кои се гони по службена должност СВКПС до ОЈО Гостивар достави две Известувања за запознавање и натамошно постапување.

На почетокот на годината, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи ја донесе **Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2015 година**, а изготви и **Акциски план за имплементација** во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикатори на успех. На 20.03.2015 година во Виена, Р. Австрија склучен е Меморандум за разбирање меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Сојузното министерство за внатрешни работи на Република Австрија. Целта на Меморандумот е заемно продлабочување на меѓународната соработка во спречување и борба против корупцијата преку ефикасна и ефективна размена на информации и сознанија. Претставник од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди учествуваше на отварање на проект „SIENA“ во Р.Полска, за антикорупциските авторитети (S4ACA) чии носители се федералното биро за антикорупција на Р. Полска (CBA) и Р.Австрија (BAK).

Во периодот од 24-29.05.2015 година во Варшава, претставник од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди учествуваше на петтата тренинг конференција на тема „Оперативно истражни активности“.

Во 2015 година, во рамки на Проектот **„Градење на капацитети на институциите кои го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица“** во соработка со експерти ангажирани од Совет на Европа, направени се измени и дополнување на Правилникот за вршење на работите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на Министерството за внатрешни работи и донесени се две Стандардни оперативни процедури.

*ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД*

**на одредени податоци од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди за 6 месеци**

**I.Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди по вид и години :**

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување со предупре-дување | Постап. за надомест на матер. штета | Оддале-чување од раб.место | Решение без водење дисц.пост. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2011 година | 630 | 12 | 114 | 127 | 28 | 5 | 6 |
| 2012 година | 758 | 7 | 156 | 94 | 44 | 2 | 4 |
| 2013 година | 772 | 6 | 142 | 149 | 28 | 3 | 7 |
| 2014 година | 783 | 14 | 102 | 101 | 19 | 1 | 11 |
| 2015 година | 831 | 14 | 104 | 118 | 21 | 1 | 5 |

## II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила :

| | вкупно поднесоци | основани | неоснован и | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2011 година | 35 | 3 | 27 | 5 | / |
| 2012 година | 31 | 3 | 16 | 11 | / |
| 2013 година | 32 | 1 | 22 | 9 | / |
| 2014 година | 40 | 4 | 25 | 11 | / |
| 2015 година | 34 | 1 | 19 | 14 | / |

III. Поднесоци од Народниот правобранител:

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2011 година | 18 | 18+(1) |
| 2012 година | 17 | 17 |
| 2013 година | 12 | 12 |
| 2014 година | 19 | 16+(2) |
| 2015 година | 12 | 12 |

*Бројката во заградата се однесува на одговор по претставки добиени претходната година.*